Зад секоја успешна компанија стои силен тим. ФМС ДООЕЛ претставува млада компанија со просперитетен тим кој професионално пристапува и одговара на сите предизвици.
Секој од нас е специјалист во своето поле на работа и е посветен на потребите и барањата на клиентите. Компанија ориентирана кон изнаоѓање решенија, со единствена цел, да обезбеди квалитет со висок степен на економска оправданост.
Имајќи го предвид нашето разбирање за моќта на тимот, работиме заедно кон постигнување на нашите цели и заеднички ги прославуваме нашите успеси.
Ако барате стабилност, професионален раст, долгорочна кариера и технолошки предизвици во успешни компании дојдете и придружете ни се уште денес!
ФМС ДООЕЛ објавува оглас за вработување на професионални кадри од областа:

**ЕЛЕКТРОИНЖЕНЕР**

**Опис на работата:**
- Изработка на технички решенија и нивни проекти за изведба;
- Контрола и надзор на изведбата на електроинсталации;
- Координација со инвеститори, подизведувачи и надзорни органи;
- Подготовка на записници, понуди, интерни извештаи и технички решенија;
- Извршување на други технички работни задачи по налог на претпоставено лице;

**Потребни квалификации:**
- Завршено високо образование;
- Способност за логичко размислување и решавање на технички предизвици;
- Подготвеност за работа на терен и канцеларија;
- Возачка дозвола Б категорија;
- Познавање на AutoCAD и MS Office е предност;
- Со или без претходно работно искуство на иста или слична позиција;

**Дополнителни критериуми:**
- Обврска за придржување кон безбедносните прописи и прописите поврзани со заштита при работа;
- Сериозен пристап кон зададените задачи;
- Подготвеност за работа под притисок и кратки рокови;
- Лојалност, доверливост, чесност , професионалност, ефикасност и флексибилност;
- Спремност за работа надвор од Скопје – без преспивање;

**Што нудиме:**
- мотивирачка атмосфера и плата по договор;
- полно работно време од пон-пет 08:00-16:00;
- колективно осигурување од несреќа;
- платени дополнителни часови прекувремено;
- можност за напредување во кариера;

Доколку сметате дека ги исполнувате наведените услови и сте заинтересирани за нови предизвици и постојан развој на Вашата кариера, испратете Ваша кратка биографија (CV) на следната **email адреса: jobs@fms.com.mk**, со задолжителна назнака на апликацијата **ЕЛЕКТРОИНЖЕНЕР.**
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.